**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
# за изменување и дополнување на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/17)

1. Во прилогот 1 на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/11, 152/11, 110/13 и 141/16), се бришат сметките: 370028, 370128, 375128, 375328, 375428, 375528, 378028, 378528, 410028, 410128, 415128, 415228, 415328, 415428, 415528, 418028, 418528, 470028, 470128, 475128, 475228, 475328, 475428, 475528, 478028, 478528, 6418, 64180, 64181, 64182, 64232, 642320, 642322 и 928.

2. Описот на сметката 6417 се менува и гласи: „Групна исправка на вредноста за портфолиото на кредити и побарувања“.

3. Описот на сметката 6423 се менува и гласи: „Исправка на вредноста (Загуби поради оштетување) на средствата расположливи за продажба, на нето-основа“.

4. Описот на сметката 648 се менува и гласи: „Реализирани добивки/загуби од средствата расположливи за продажба, на нето-основа“.

5. По сметката 9056, се додава сметката:

„9058 Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност“.

6. По сметката 910055, се додаваат сметките:

„91007 Домаќинства
910070 Самостојни вршители на дејност со личен труд
910071 Физички лица“.

7. По сметката 910155, се додаваат сметките:

„91017 Домаќинства
910170 Самостојни вршители на дејност со личен труд
910171 Физички лица“.

8. По сметката 910255, се додаваат сметките:

„91027 Домаќинства
910270 Самостојни вршители на дејност со личен труд
910271 Физички лица".

9. По сметката 911055, се додаваат сметките:

„91107 Домаќинства
911070 Самостојни вршители на дејност со личен труд
911071 Физички лица".

10. По сметката 911088, се додава сметката:

„911089 Обврски кон домаќинства врз основа на субординиран долг".

11. По сметката 911155, се додаваат сметките:

„91117 Домаќинства
911170 Самостојни вршители на дејност со личен труд
911171 Физички лица".

12. По сметката 911188, се додава сметката:

„911189 Обврски кон домаќинства врз основа на субординиран долг".

13. По сметката 911255, се додаваат сметките:

„91127 Домаќинства
911270 Самостојни вршители на дејност со личен труд
911271 Физички лица".

14. По сметката 911288, се додава сметката:

„911289 Обврски кон домаќинства врз основа на субординиран долг".

15. Описот на сметката 927 се менува и гласи: „Групна исправка на вредноста за портфолиото на кредити и побарувања".

16. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2018 година.

**О бр. 02-15/V-4/2017**
**22 јуни 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**